# жарко башески
# žarko bašeski



Жарко Башески
Žarko Baševski

# СКУЛПТУРА - ХРАМ
# SCULPTURE - TEMPLE

МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ
ДИРЕКЦИЈА ЗА КУЛТУРА И УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ
1998
SKOPJE, MUSEUM OF CONTEMPORARY ART
DIRECTORATE OF CULTURE AND ARTS - SKOPJE

Описот на храмот, во византиската книжевност познат како *екфразис,* подразбира постојано движење на погледот, негово постојано преместување од еден на друг архитектонски елемент при што хармонијата и убавината на храмот се остваруваат во својата целост. Убавината на просторот на храмот не се остварува исклучиво како архитектонска убавина туку како центар на единството на ликовни и духовни содржини, како средиште на сите убавини, како спој на двата светови: овоземскиот и небескиот. Екфразисот подразбира не само опишување на градбата туку и постојано преоѓање од објектот на опишувањето на субјектот на запазувањето.
Во проектот "Скулптура-Храм" на Жарко Башевски воспоставен е еден троен палиндромски однос: меѓу ликовното и архитектонското (скулптурата и храмот), меѓу различните временски слоеви и низ палиндромското динамично движење на погледот.
Читањето на сите овие палиндроми се остварува низ една комплексна интерпретација на интересот на авторот за принципите на неговиот појдовен медиум - скулптурата и нејзиното терминолошко проширување. Така, првата амбивалентност произлегува од принципот на градење, било на скулптурата со помош на ѕидарските техники на старите мајстори, било на храмот со помош на скулпторски решенија. Затоа, целиот проект може истовремено да се толкува како "градена" скулптура, но и како храм изграден од скулптури.
Користењето на типичен градежен материјал користен при издигањето на сакрални и профани градби на ова поднебје: приклесан камен (бигор), речен камен и тула го овозможува првото ниво на алузивен цитат на византиската градителска традиција.
Начинот на кој е создаван употребениот камен го навестува и интересот на авторот за непредвидливото влијание на времето врз материјалот и самата градба. Не случајно целиот амбиент изграден пред Музејот на современа уметност во Скопје остава впечаток на ископини од некој непознат храм врз кој трагите на времето станале очигледни. Така, се остварува втората можност за палиндромско читање на овој проект: симулација на една имплозија на одреден врменски процес.
Новосоздадениот проект *секогаш веќе* во себе ги беше впишал трагите на минатото и иднината. Токму затоа авторот користи и вештачки материјал (полиестер) како врзивен материјал при изведувањето на едната скулптура-столб, како едно експериментално врзување на традицијата со сегашноста.
Одбраниот локалитет за проектот, платото пред Музејот на совреме на уметност, во продолжение на тврдината на Кале, со својата местоположба на вкрстување на неколку културни и религиозни традиции (античката, средновековната и современата), уште повеќе го нагласува хетерогеното калемење на различни дискурси. Ваквиот

интертекстуален пристап се јавува како основен метод и во поранешното творештво на Башевски (1996, Чифте амам,1997, Даут Пашин амам) кога тој ги проткајува византиските и исламските културни влијанија.
Симулацијата на новооткриен локалитет, основа на некоја крстообразна црква со купола, остварена е со помош на скулпторски фрагменти кои истовремено алудираат на архитектонски елементи: столбови, ѕид, купола, портал... Сепак, скулпторските решенија доволно отклонуваат од конструктивните архитектонски елементи за истовремено да можат да бидат сфатени како ликовни дела кои својата архитектонска вредност ја добиваат само поради дадениот контекст (на пример, ѕвездастата столб-скулптура изведена од тули).
При ваквото постојано екфразично шетање на погледот од скулптурата на храмот и обратно, од архитектурата на скулптурата, погледот станува заробен во меѓупросторот, во на прв поглед хаотичниот предел - руина кој наликува на нечија романтичарска визија. Просторот кој е обликуван токму со помош на овој проект одеднаш надмоќно се извишува како највисока точка на гледање и токму оној наш заробен динамичен поглед го упатува наоколу со што се остварува третото можно палиндромско читање на проектот "Скулптура-Храм".

Сузана Милевска

The description of the temple, known in the Byzantine literature as ecphrazis, comprehends permanent movement of the eye, its permanent transfer from one to another architectonic element where the temple's harmony and beauty is fully attained. The beauty of the temple's space is not attained exclusively as architectonic beauty but as a center of unity of artistic and spiritual contents, as the focus of all beauty, as the integration of two worlds: the earthly and celestial. The ecphrazis comprehends not only description of the construction but also permanent movement from the object of description to the entity observing.
In the project "Sculpture-Temple" of Zarko Basevski a triple palindrome relations is established: between the artistic and architectonic (sculpture and temple), between the different time levels and through palindrome dynamic movement of the vision.
The reading of these palindromes is done through a complex interpretation of the author's interest for the principles of his initial medium - the sculpture and its terminological expansion. Thus, the first ambivalence derives from the principle of construction, both of the sculpture with the help of the construction techniques of the old masters, and of the temple with sculptural solutions. This is why the project can at the same time be interpreted as a "built" sculpture, but also as a temple build of sculptures.

The use of typical construction material in erecting the sacred and profane constructions in this region: scale stones, river stones and brick enables the first level of the allusive quotation of the Byzantine construction tradition.

The way in which the used stone is created announces the interest of the author for the unpredictable influence of time on the material and the construction itself. It is not by accident that the whole ambience in front of the Contemporary Art Museum in Skopje leaves the impression of being remainings of some unknown temple where the marks of time are obvious. Thus, the second possibility for palindrome reading of this project is realized: simulation of an implosion of a certain time process.

The newly created project know has inscribed in it the traces of the past and the future. Precisely because of this the author uses also artificial material (polyester) as binding material in performing one sculpture - pillar, as an experimental link of the present and the tradition.

The chosen location for the project, the platform in front of the Contemporary Art Museum, near the Kale fortress, with its location where several cultural and religious traditions met (ancient, Middle Ages and contemporary), stresses even more the heterogeneous link of different discourses. Such intellectual approach appears as the basic method even in Basevski's previous works (1996, Chifte Ammam, 1997, Daut Pasin Amam) when he weaves together the Byzantine and the Islamic cultural influences.

The simulation of the newly discovered locality, the foundation of some cross-shaped church with a dome, is attained with the help sculptural fragments alluding at the same time to architectonic elements: pillars, wall, dome... Nevertheless, the sculptural solutions take it sufficiently away from the constructive architectonic elements in order to be at the same time understood as artistic works which obtain their architectonic value only because of the given context (for example, the star-shaped pillar sculpture made of bricks).

During such continuous ecphrazic movement of the eye from the sculpture to the temple and vice-versa, from the architecture to the sculpture, the sight becomes trapped in the space in between, in the at first sight chaotic zone - ruins resembling somebody's romantic vision. The space shaped with this project all of a sudden arises overwhelmingly as the highest view point and precisely this trapped dynamic sight directs it around and attains the third possible palindrome reading of the project "Sculpture-Temple".

Suzana Milevska

























БАШЕСКИ ЖАРКО

Роден во Прилеп 1957 година, Факултет за ликовни уметности завршил во Скопје во класата на проф. Петар Хаџи Бошков. Член на ДЛУМ од 1988 година. Добитник на повеќе награди. Постдипломски студии во класата кај проф. Драган Попоски - Дада 1996/98. Живее и работи во Скопје.
Адреса: Видое Смилевски - Бато, 51 - 1/15,
Скопје Р. Македонија
Тел. ++ 389 91 43 00 25

**САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:**

1984 - Дом на Културата М.Цепенков - Прилеп
1993 - Уметничка галерија - Дом на Културата М.Цепенков - Прилеп
1993 - Уметничка галерија - Битола
1994 - Културно информативен центар - Скопје
1997 - Уметничка галерија - Даут Пашин Амам - Скопје
1998 - Музеј на Современа Уметност - Скопје

**ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:**

1984 - Хепенинг - Дом на Млади, Скопје
1988 - Дипломирани студенти **ФЛУ**, 1987 - 1988, Скопје
- Годишна изложба **ДЛУМ**, Скопје
1989 - II биенале на млади, **МСУ**, Скопје
- Годишна изложба на **ДЛУМ**, Скопје
1990 - 10 години од основање на **ФЛУ**, Скопје
Галерија **АНИМА**, Скопје
1991 - Ситна пластика, Уметничка галерија, Скопје
1992 - Зимски салон, Уметничка галерија, Скопје
1993 - Цртеж - годишна иложба, Скопје
- изложба на 14 професори на **ФЛУ**
Галерија **АНИМА**, Скопје
- Цртеж - Аризона - Темпи, **САД**
Галерија Ведеспоун - Гринзборо
- Ситна пластика - **УГ**, Скопје
- Цртеж - Њу Кастел, Австралија
- Цртеж - Биенале - **НУП** Климент Охридски, Скопје
- Зимски салон - **УГ**, Скопје
1994 - Зимски салон - **УГ**, Скопје
1995 - Истамбул, Турција
- Арканзас, - Феетфил, **САД**
- Изложба од ликовна колонија, Прилеп - **КИЦ**, Скопје
1996 - Чифте Амам - инсталации, Скопје
- **АРМ**, Скопје
- **IV** Меѓународни Биенале Уметности Минијатуре,
Г. Милановац, **СРЈ**
- Зимски салон - **УГ**, Скопје
1997 - Зимски салон - **УГ**, Скопје
- Галерија **ХАРФА**
1998 - Зимски салон - **УГ,** Скопје

**КОЛОНИИ И СИМПОЗИУМИ:**

1988 - Марушиќи, Словенија (мермер)
1989 - Прилеп - симпозиум - мермер
1990 - Прилеп - метал (Металец)
1991 - Прилеп - симпозиум мермер (Мермерен Комбинат)
1993 - Прилеп - симпозиум мермер (Мермерен Комбинат)
1995 - Прилеп - симпозиум мермер (Металец)
1997 - Прилеп - симпозиум мермер (Мермерен Комбинат)

**ЈАВНИ ИЗВЕДБИ - СКУЛПТУРИ:**

1995 - портрети (мермер) - Скопје
1997 - портрети (мермер) - Скопје
1998 - иконостас (мермер) - Св. Леонтие, Водоча
- портрет (мермер) на вДимитар Македонскиг, Скопје

**СТУДИСКИ ПРЕСТОЈ:**

1979/1980 - Лондон, Англија
1981/1982 - Лондон, Англија

Делата се наоѓаат во бројни приватни колекции во земјата и во странство.

BASHESKI ZARKO

Born in Prilep 1957 year. Graduated from the Facultaty of Fine Arts in Skopje, under professor Petar Hadzi Boskov. Mamber of DLUM, since 1988 year. Winer of many awards. Postgraduate studies in the grade of profes. Dragan Poposki – Dada. Basheski lives and works in Skopje.

Address: Blvd. V. Smilevski – Bato, 51 – 1/15
Skopje, R. Macedonia
Phone: ++ 389 91 43 00 25

**ONE MAN EXHIBITIONS:**

1984 – Cultural center M. Cepenkov, Prilep
1993 – Art Gallery of C.Center M. Cepenkov, Prilep
1993 – Art Gallery, Bitola
1994 – Cultural and I. Center - Skopje
1997 – Art gallery, Daut Pashin Amam, Skopje
1998 – Museum of Contemporary Art, Skopje

**GROUP EXHIBITIONS:**

1984 - Hepening - Youth Center, Skopje
1988 - Graduated students **FLU**, 1987/88, Skopje
- The Exhibition og **DLUM,** Skopje
1989 - II Youth Biennial, **MCA**, Skopje
- The Exhibition og **DLUM**, Skopje
1990 - 10 years from assembling of **FFA**, Skopje
1991 - Exhibition of 14 proff. on **FFA**
in the Gallery **ANIMA**, Skopje
- Miniatur plastic - Art Gallery, Skopje
1992 - Winter Salon - Art Gallery, Skopje
1993 - Drawings - **NUB** Kliment Ohridski, Skopje
- Exhibition of 14 proff. on **FFA**
in the Gallery **ANIMA**, Skopje
- Drawings - Arizona - Tempi, **USA**
Gallery Wedestpoun - Grinzborough
- Miniatur plastic - Art Gallery, Skopje
- Drawings - New Castl, Australia
- Drawings - Biennal - **NUB** Kliment Ohridski, Skopje
- Winter Salon - Art Gallery, Skopje
1994 - Winter Salon - Art Gallery, Skopje
1995 - Istanbul, Turkey
- Arkanzas, - Feetfele, **USA**
- The Exhibition of Art Colony, Prilep - **CIC**, Skopje
1996 – Chifte Amam - Instalations, Skopje
- **ARM**, Skopje
- **IV** International Biannial Art Miniature,
G. Milanovac, **SRJ**
- Winter Salon - Art Gallery, Skopje
1997 - Winter Salon - Art Gallery, Skopje
- Gallery **HARFA**
1998 - Winter Salon

**COLONEIS AND SIMPOSIUMS:**

1988 - Marushichi, Slovenia (marble)
1989 - Prilep - Simposium - marble
1990 - Prilep - metal (Metalec)
1991 - Prilep - Simposium marble (Mermeren Kombinat)
1993 - Prilep - Simposium marble (Mermeren Kombinat)
1995 - Prilep - Simposium marble (Metalec)
1997 - Prilep - Simposium marble (Mermeren Kombinat)

**PUBLIC SCULPTURE:**

1995 - portraits (marble) - Skopje
1997 - portraits (marble) - Skopje
1998 - iconostasis (marble) - Sv. Leontie, Vodoca
- portrait (marble) of "Dimitar Makedonski", Skopje

**STUDY VISIT:**

1979/1980 – London, England
1981/1982 – London, England

Collections:
His works Can be found in many private collection in Macedonia and abroad.



Издавач: Дирекција за култура и уметност - Скопје
СКОПСКО ЛЕТО '98
За издавачот: Мирко Стефановски
Организација: Ната Кецкаровска
Предговор: Сузана Милевска
Фото: Роберт Јанкуловски
Превод на англиски: Огнена Никуљски
Дизајн: Роберт Јанкуловски, Жарко Бешески
Компјутерска подготовка: Скенпоинт - Скопје
Печат: Лауренс Костер
Тираж: 500

ПЕЧАТЕЊЕТО НА КАТАЛОГОТ Е ОВОЗМОЖЕНО ОД

МИНИСТЕРСВОТО ЗА КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
и
ДИРЕКЦИЈА ЗА КУЛТУРА И УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ

Publisher: Directorate of Culture and Arts - Skopje
SKOPJE SUMMER '98
For the Publisher: Mirko Stefanovski
Organization: Nata Keckarovska
Preface: Suzana Milevska
Photo: Robert Jankulovski
Translation: Ognena Nikuljski
Design: Robert Jankulovski, Zarko Baseski
Prepress: Skenpoint
Printed by: Lourens Coster
Copies: 500

THE PRINTING OF THE CATALOGUE IS SPONSORED BY

MINISTRY OF CULTURE OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA
and
DIRECTORATE OF CULTURE AND ARTS - SKOPJE

СПОНЗОРИ:

"МАТ" МАКЕДОНСКИ АВИО ТРАНСПОРТ - Скопје
А. Д. КОМУНА - Скопје
А. Д. ОХИС - "НАУМ НАУМОВСКИ - БОРЧЕ"
Ј. П. ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО НА МАКЕДОНИЈА
А. Д. ЖИТО ЛУКС - Скопје
ОКТА - Рафинерија
ТЕХНОГАС - Скопје
BLU BELL - Скопје
NINTENDO - Прилеп
СКЕНПОИНТ -Скопје

